# Дневна хемеротека за *04.01.2016г.*

## МИА - *Министерот Изаири во посета на Општина Кичево*

ПОНЕДЕЛНИК, 04 ЈАНУАРИ 2016, 10:16:37

МИА МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО CE

Насловна | Екологија | Министерот Изаири во посета на Општина Кичево

### Министерот Изаири во посета на Општина Кичево

Препорачај 0

понеделник, 04 јануари 2016 07:24



**Скопје, 4 јануари 2016 (МИА)** - Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири денеска ќе ја посети општина Кичево при што ќе оствари средба со градоначалникот Фатмир Дехари.

Како што соопшти Министерството за животна средина и просторно планирање, предвидено е Изаири да ги посети и селата Гаране и Строгомиште, каде се реализираат инфраструктурни проекти финансирани со помош на Министерството. **вг/мч/07:24**

# On.net - [Може ли градови без автомобили?]

## Може ли градови без автомобили?

**Осло најави дека ќе забрани движење на приватни возила во центарот до 2019-та, денови без автомобили му помогнаа на Париз против загадувањето, а нови еко-градови повикуваат да се одвикнеме од возилата.**



Кога Осло ги објави плановите за забрана на возила, многу градови почнаа да размислуваат за изнаоѓање „позелени" превозни средства. Иницијативи за градови без автомобили на сите страни. На пример, Масдар близу Абу Даби планира да се фокусира на масовен транспорт или на електрични автомобили.

Венеција секогаш се истакнува како најголемиот град без автомобили, на нив тоа им оди полесно со сите тие канали и реки наместо улици.

Хамбург планира до 2050-та да формира тнр. зелена мрежа (планско поврзување на паркови, игралиштата, градини), а низ градот луѓето да се движат пешки или со велосипед.

Мадрид исто така има план да ја прошири автобуската мрежа и да вложи во инфраструктура за пешаци, а неодамна објави и планови за забрана на управување на 50% од автомобилите кога воздухот е загаден.

Тука е и Копенхаген - престолнината на велосипедите кој има намера до 2025-та да стане јаглерод-неутрален град.

Во Латинска Америка еден град предводи во реализација на идејата за град без автомобили - Богота. Таму еднаш неделно повеќе од 120 км од градските улици се затворени за возилата. Тогаш богатите и сиромашните се заедно, бележи Гардијан.

Секоја година околу 7 милиони луѓе во светот умираат од загадување на воздухот, а милиони други умираат во несреќи со моторни возила.

Искоренување на навиката за возење со автомобил во добро развиени градови претставува предизвик, но во градови кои се градат од нула (Great City) се нуди можност работите да се почнат поинаку. Значи, по светов се преземаат мерки за „ослободување" на градовите од возила и подобрување на квалитетот на животот. Како тоа ќе се заврши?

Ќе видиме.



## Утрински - Воздухот загаден во Тетово, Кичево и Скопје

Утрински весник

03.01.2016, 12:20

### ВОЗДУХОТ ЗАГАДЕН ВО ТЕТОВО, КИЧЕВО И СКОПЈЕ



Воздухот е загаден во Тетово, Кичево и Скопје. Високи концентрации на ПМ10 честичките има и во Велес.

Според мерењата на Министерството за животна средина и просторно планирање највисоки се концентрациите на ПМ10 честичките во Тетово 163 микрограми на метар кубен, во Кичево 161, Центар 157, Гази Баба 146, Карпош 139, Лисиче 122 и кај Ректорат 107.

Во Велес се измерени 80 микрограми на метар кубен ПМ10 честички.

## Локално - *И без Југохром воздухот во Тетово е екстремно загаден*

ЛОКАЛНО.мк

# И без Југохром воздухот во Тетово е екстремно загаден

Like 10 Tweet G+1 0 Share 10

Воздухот во Тетово синоќа беше загаден за 17 пати повеќе од дозволената вредност. Мерните станици на Министерството за животна средина измерија 857 микрограми ПМ 10 честички на метар кубен.

Затворањето „Југохром" не придонесе за намалување на аерозагадувањето, иако комбинатот на протестите против загадениот воздух, беше посочуван како најголем загадувач на воздухот.



Фабриката на 31 декември ги исклучи печките. Оттаму соопштија дека нема да работат до крајот на февруари поради состојбата со загадениот воздух, која во овој период од годината е најалармантна.

Преку писмено соопштение информираат дека одлуката ја донеле доброволно, иако тие остануваат на ставот, дека нивната фабрика не е единствениот, а уште помалку најголемиот загадувач во регионот.

И додека се бараат виновниците за големото аерозагадување во Тетово, властите се уште немаат извршено никакви испитувања кој се учествува во аерозагадувањето и кои се најголемите фактори за екстремно загадениот воздух.

# Македонија ќе соработува со путиновиот диктатор од Белорусија

Здравствените работници велат дека сообраќајот, греењето и индустријата се главните извори на загадување. Но, за да се утврди точно кој најмногу загадува, потребни се мобилни станици за мерење на квалитетот на воздухот.

– Тие станици би се поставувале повремено во центарот на градот каде е најгуст сообраќајот, потоа станиците условно би се преселиле во некои населби, каде воопшто нема сообраќај и на тој начин би можело да се утврди колку сообраќајот придонесува за загадувањето на воздухот. Ако се утврди дека е најголем загадувач, тогаш властите треба да преземат ако е потребно и драстични мерки, на пример забрана на сообраќајот во деновите кога е екстремно загаден воздухот – изјави д-р Ратко Давидовски, специјалист по хигиена и здравствена екологија.

Воздухот во Тетово и денеска е за неколку пати повеќе загаден од дозволената вредност. Снежните врнежи не придонесоа многу за намалување на аерозагудувањето.